**Согласно член 45, и 46 од Статутот на Тетекс АД Тетово, а врз основа на Одлуката за свикување на Собрание на акционери на Друштвото бр. 0202 -2066/3 – 17.10.2024 год., Одборот на директори на Тетекс АД Тетово објавува**

**Ј А В Е Н П О В И К**
**За одржување на Собрание на акционерите на**
**ТЕТЕКС АД ТЕТОВО**

**Собрание на акционерите на Тетекс АД Тетово ќе се одржи на ден 20.11.2024 год. (среда) со почеток во 12 часот, во салата во конфекција во Друштвото, во Тетово на ул.Браќа Миладинови бр.1.**

**Собранието на акционери на седницата ќе работи по следниот**

**Д н е в е н р е д**

**I Процедурален дел**

1.Отварање на Собрание на акционери
2.Избор на претседавач на Собрание на акционери
3. Записникот согласно член 407 од ЗТД го води нотар
4. Избор на еден бројач на гласови

**II Работен дел**

1. Измена на Статутот на Друшвото
   - Предлог- Одлука за измена на Статут
2. Избор на член на Одбор на директори, назначување на независни членови и утврдување надомест
   - Предлог Одлука за избор, назначување и надомест на членовите на Одборот на директори

**Се повикуваат акционерите на Тетекс АД Тетово, односно нивните законски застапници да учествуваат во работата на Собранието** на акционери.

**Акционерите се должни своето учество да го пријават најдоцна пред почетокот на седницата на Собрание**то на акционери**, до Друштвото.**

**Секој акционер може да овласти полномошник со писмено полномошно за учество на Собрание**то на акционери**, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат и електронски. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномоштвата и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната страница на Друштвото [www.teteks.com.mk](http://www.teteks.com.mk)**

**Акционерот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.**

**Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за превземање на акционерски друштва, полномошникот задолжително ја известува Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давање на полномоштва од повеќе акционери, во рок од пет работни дена пред одржувањето на Собрание**то на акционери **.**

**Акционерите можат да гласаат со кореспонденција, со испраќање пополнет образец кој во оригинал мора да биде примен во Друштвото најдоцна на 19.11.2024 година, до 13:00 часот. Обрасците за гласање со кореспонденција и дополнителни информации за начинот на пополнување и идентификацијата на акционерите се достапни на интернет-страницата на Друштвото .**

**Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка, како и по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред.**

**Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред предлози на одлуките и прашања најдоцна во рок 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик .**

**Собрание**то на акционери **ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.**

**Секој акционер има право да поставува прашања по секоја точка од дневниот ред на седница на Собрание**то на акционери **на Друштвото.**

**Одговорите на поставените прашања, Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница согласно закон.**

**Гласањето на** Собранието на акционери е јавно **, а одлуките се донесуваат со потребното мнозинство гласови.**

**Увид во материјалите од дневниот ред може да се изврши секој работен ден од 12.00 до 13.00 часот во деловните простории на Друштвото и на официјалната страница на Друштвото [www.teteks.com.mk](www.teteks.com.mk)**

**ТЕТЕКС АД ТЕТОВО**

**Одбор на директори**